# КАРПОШ
## НЕДЕЛЕН Е-БИЛТЕН



















# ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН

ИЗГОТВУВА:
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

# КАРПОШ НА МЕЃУНАРОДНИОТ САЕМ ЗА ХРАНА И ПИЈАЛОЦИ DETROP -2017

Општина Карпош и оваа година преку свој претставник учествуваше на Меѓународната изложба на храна и пијалоци „DETROP – 2017“ која викендов се одржа во Солун - (Грција), во организација на HELEXPO (национална Агенција за организирање саеми, конгреси и културни настани). На саемот беа претставени традиционални прехранбени производи од над 50 земји од светот, тематски одделени  и распоредени во пет саемски хали.

Присутните ги дегустираа врвните производи од млеко и млечни преработки, месо и месни преработки, риби, егзотични овошја и зеленчуци и вина. Особен интерес кај присутните предизвика дегустацијата на подготвените вегетеријански и вегански производи и оброци.

Во рамките на манифестацијата се одржаа бројни трибини, тематско разграничени, во кои од стручен аспект се говореше за технолошката преработка на храната, органскиот квалитет и за контролата и безбедноста на храната. Во овој дел, стручното лице од Општина Карпош, Ирена Калајџиевска - Милевска, директно учествуваше во дебатата на тема „Безбедноста на храната како главна алка за правилен развој на децата“. Повеќето присутни разменија свои ставови и мислења за начинот на менаџирање на контролата на храната во предучилишните установи. Како што беше заклучено на крајот од дискусијата, целта е иста, но приодите се различни.

DETROP – изложба на храна и пијалоци, претставува врвен настан кој се одржува еднаш годишно во Солун  за кој постои  огромен интерес, во чија корист говори големата посетеност но и одличната организација.  Како што и се најавуваше, овој саем прерасна во еден од водечките од ваков карактер во Европа.









Σαλάχι
Πεσκανδρίτσα
Γαλέος
Γλώσσα


with
...flavours
Kalamata & Green Oliv
oregano
butter
chili
vanilla
saffron

# АСФАЛТИРАНИ ДВЕ УЛИЦИ ВО „КРИВИ ДОЛ“

Денеска продолжи новата сезонска градежна активност во Општина Карпош. Во населбата Криви Дол се асфалтираа улиците Скупи 3 а во должина од 250 метри и Скупи 5 а во должина од 380 метри. Во оваа пригода градоначалникот на Општина Карпош Стевчо Јакимовски најави во скоро време асфалтирање и на околните улици Скупи 4 и 4а.

- Ги комплетираме овие улици денеска, додека за преостанатите две улици од ова населено место , се завршува потребната документација, и веднаш потоа ќе започне и асфалтирање на истите. Освен нов асфалт , предвидени се и нови тротоари, рабници како и атмосферска канализација, со што населбата Криви Дол ќе биде заокружена урбана целина, во која на граѓаните ќе им бидат решени сите инфраструктурни проблеми, нагласи првиот човек на Општината Стевчо Јакимовски.

Инвестицијата на асфалтираните улици чини околу 2.5 милиони денари, додека преостанатите две улици се очекува до крајот на месец мај да бидат целосно асфалтирани со вкупна должина од 650 метри, каде ќе се постави и нова атмосферска канализација.









СКУПИ 5А



# „МАПАТОН“ ПОМОШ ЗА ЛИЦАТА СО ХЕНДИКЕП

Општина Карпош е прва локална самоуправа од територијата на Градот Скопје, на која ќе се реализира проектот ,,МАПАТОН“. Станува збор за вклучување на лица со посебни потреби во имплементација на андроид апликација преку приватните мобилни уреди кои тие ги користат и која ќе им овозможи интерактивност во мапирањето на пристапните места.

На иницијатива на УНДП, оваа активност ќе се спроведе во соработка со Општината, сé со цел да се мапираат сите пристапни места но пред се, бариери со кои се соочуваат лицата со попреченост на местата каде што живеат. Како што истакна помошник- раководителката на Секторот за дејности од јавен интерес Гордана Стојчевска- Зафировска, Општина Карпош во континуитет им помага за лицата со хендикеп, односно се грижи за нивните потреби, со што ќе можат полесно да ги завршуваат своите секојдневни обврски.

- Денеска, во фискултурната сала на ООУ ,, Лазо Трповски“ со полчасовната обука која ќе им се изврши на вработените од урбаните заедници од Општина Карпош како и на дефектолози, практично ќе започне овој проект инициран од УНДП, а со задоволство прифатен од Општина Карпош. По обуката, вработените со смарт телефони ќе ги фотографираат и детектираат сите непристапни објекти (јавни и комерцијални, тротоари и пешачки патеки), кои се пречка за извршување на обврските, или кои им го попречуваат движењето на лицата со хендикеп, нагласи Стојчевска- Зафировска.

Помошник-раководителката Зафировска, напомена дека при проектирањето на сите институции од Општина Карпош (како што се градинки и основни училишта) се води сметка за потребите на овие лица со хендикеп, за да може и тие без никаква пречка да ги користат.




40
ГОДИНИ
ОПШТИНА
КАРПОШ



